СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

Коалиција на младински организации СЕГА
Бр. 03 - 99/1
17.03. 2016 год.
Прилеп

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

| Примено: | 18 -03- 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

До:
**Министерство за образование и наука**

Датум: 17.03.2016

**Предмет: Поднесување на Иницијатива за измени и дополнувања на Закон за средно образование**

Почитувани,

**Здруженијата <u>Коалиција на младински организации СЕГА, Младински образовен форум и Првата детска амбасада во светот „Међаши“</u>, доставуваат Иницијатива за измени и дополнување на Закон за средно образование до Министерството за образование и наука, со цел вметнување на нови одредби кои ќе обезбедат законско регулирање на учеството и организирањето на учениците во средните училишта во Република Македонија.**

Иницијативата во себе вклучува преглед на анализата за состојбата со ученичкото учество и организирање која беше спроведена во 2014 и 2015 година и која во себе содржи и преглед на моменталната законска рамка. Во иницијативата се образложени причините поради кои е неопходно донесувањето на измени и дополнувања на Законот како и насоки за уредување на актуелната материја во истиот. Овој документот исто така ги содржи конкретните препораки кои произлегоа од локалните дискусии во 14 градови во Република Македонија со вклученост на 520 луѓе од кои 320 ученици во средните училишта и 200 претставници на менаџмент на средни училишта, подрачни единици на Бирото за развој на Образованието, Единици на Локална Самоуправа и родители.

**Според тоа, предлагаме Владата на Р. Македонија и Министерството за образование и наука преку своите органи и тела да започне постапка за измена и дополнување на Законот за средно образование која ќе обезбеди транспарентен и сеопфатен процес со вклучување на сите засегнати страни во образовниот процес.**

**Се надеваме на успешна и плодна соработка во овој процес.**

**<u>Потписници на Инцијативата:</u>**

| | | |
|---|---|---|
| **ЗОРАН ИЛИЕСКИ**<br>**Извршен директор**<br>**Коалиција на младински организации СЕГА** | **ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ**<br>**Извршен директор**<br>**Првата детска амбасада во светот „Међаши“** | **ДОНА КОСТУРАНОВА**<br>**Извршен директор**<br>**Младински образовен форум** |

**Поддржувачи на иницијативата:** Здружение на граѓани „Младите можат; Здружение Млади европски федералисти – Куманово; Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација – Кратово; Центар за меѓукултурен дијалог – Куманово; Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ – Велес; Здружение за заштита на културниот идентитет на Египќаните ИЗИДА 41/21 Ресен; Асоцијација за едукација Младиинфо Интернационал; Здружение за волонтеризам Волонтерски Центар- Скопје; Центар за човекови права АМОС – Битола; Здружение на жени "СИРМА" - Киманово; Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин; ХЕРА - асоцијација за здравствена едукација и истражување; Сојуз Национален младински совет на Македонија; Студентска организација „Излез“;Младинска Асоцијација ИМКА - Битола; Здружението на граѓани ЗОНА - Кавадарци; Здружение за локален развој Акција Плус –Ресен; Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците; Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ)- Гостивар; Здружение Лајф старт - растеме и учиме заедно Битола; Здружение Организација на жените на општина Свети Николе; Здружение Младински Совет Прилеп.

# ИНИЦИЈАТИВА – КОНЦЕПТ ЗА ЗАКОНСКО УРЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКОТО УЧЕСТВО ВО ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Ученичкото учество во образовниот систем е материја која што до сега не е законски регулирана во Република Македонија. Современото функционирање на демократските општества укажуваат на потребата на вклучување на што поголем број чинители во сите општествени процеси. Оттаму, постои потреба да се чуе и „ученичкиот глас“ во процесите кои што се одвиваат во училиштата а се однесуваат на нив самите. Коалицијата на младински организации СЕГА во изминатиот неколку годишен период пристапи кон процес на детектирање на потребите на учениците, испитување на можностите за регулирање на нивното учество во образовниот систем, согледување на компаративните искуства од регионот и Европските земји, подготвување на анализа на согледаните компаративни искуства, иницирање на широк консултативен процес преку организација на работилници со засегнатите страни (ученици, родители, персонал на средни училишта), подготвување на препораки и насоки за законското регулирање на материјата. Овој процес вклучи инволвираност и на други граѓански организации кои работат на слична проблематика - покрај организациите членки на Коалиција СЕГА, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Младински образовен форум.

Оваа иницијатива произлегува од утврдената потреба за законско регулирање на материјата која се однесува на ученичкото учество во образовниот систем за да се гарантира правото за здружување и учество на ученикот, да се придонесе кон подобрен квалитет на живот на средношколците и развивање на нивните демократски капацитети и активно граѓанство. Иницијативата се доставува до Владата на РМ и Министерството за образование и наука со цел започнување постапка за измена и дополнување на постоечкиот Закон за средно образование преку вметнување на нови глави кои ќе се однесуваат на – Ученичкото учество и ученичкото здружување во образовниот систем.

Иницијативата во себе вклучува преглед на анализата за состојбата со ученичкото учество која во себе содржи и преглед на моменталната законска рамка која беше спроведена во 2014 година. Во иницијативата се образложени причините поради кои е неопходно донесувањето на измени на Законот како и насоки за уредување на актуелната материја во истиот. Овој документот исто така ги содржи конкретните препораки кои произлегоа од локалните дискусии спроведени од Коалицијата на младински организации СЕГА, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Младинскиот образовен форум.

Компаративната анализа на состојбата со учеството на децата и младите во образовниот процес – ЕУ, регионални и домашни практики реализирана во 2014 година укажа на тоа дека во Република Македонија учеството на децата и младите во образовниот процес е на ниско ниво и тоа не претставува суштинско активирање на оваа група граѓани. Во Македонија отсуствува политика за ученичко учество која би вклучила форми на ученичко учество и здружување со цел придонес на оваа група на граѓани пред сè во ученичкиот но секако и во општествениот живот. Право на учество во донесување одлуки во образованието е споменато во неколку членови на Законот за средно образование (45-в, 47 и 57), и се однесува на овозможување на ученикот да поднесе приговор на добиените оценки, одредени педагошки мерки или резултати на екстерниот тест. Ваквата состојба се утврдува преку различните извештаи и анализи спроведени од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Младинскиот образовен форум а поврзани со имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето во

државата како и конкретно преку постојните документи кои се однесуваат на материјата на ученичко учество. Иницијативноста на средношколците во периодот укажува на потенцијалот за значајно средношколско организирање. Според истражувањето Средношколско учество и организирање (2013) организирањето на средношколците во средните училишта во Македонија не е унифицирано и се среќаваат различни форми, но улогата на средношколското организирање е пред се' во советодавна фунција без право на одлучување во процесите на носење на одлуки.

Ученичкото учество во образовниот систем е област која што треба да биде регулирана во македонскиот правен и практичен контекст. Анализата укажа на потребата од институционализирање на ученичкото учество во Република Македонија преку воведување на законски решенија во релевантните закони.

Потребно е ученичкото учество да се регулира во правната рамка со цел:

- Да се овозможи учество на учениците како главни чинители на ученичкиот живот во донесувањето на одлуки и креирањето политики кои се однесуваат на нив
- Да се овозможи реализација на правата на учениците за активно да придонесат во образовните процеси и училишниот живот кој примарно се однесува на нив
- Да се зголеми транспарентноста на процесите кои се однесуваат на учениците
- Да се земат во предвид видувањата и ставовите на учениците преку нивно организирано и структуирано учество во училишниот живот
- Да се придонесе кон демократизација на образовните процеси преку воведување на инклузивен модел на учество на сите засегнати чинители

Процесот на подготовка на законски измени треба да се состои од две фази и тоа; **I пред-подготвителна фаза** – во која ќе бидат преземени сите потребни претходни мерки (оваа фаза е веќе реализирана) и **II фаза на подготовка** - пишување и предложување на текстовите на законот за средно образование.

## I Пред-подготвителна фаза (реализирано)

Да се направи *анализа на ситуацијата на теренот* од аспект на тоа кој би бил опфатот на ученичкото уредување во Македонија. За тоа ќе биде потребно да се лоцираат примерите на ученичко учество кои што спорадично се појавуваат на локално ниво, во некои градови. Да се направи проценка дали некои од примерите за ученичко учество кои постојат на терен може да бидат земени како репери за национално уредување на оваа материја во закон.

Потребно е да се воспостави еден *широк консултативен процес* кој ќе ги вклучи сите чинители кои што имаат или треба да имаат активно учество во уредувањето на оваа материја. Тука потребно е да се вклучат претставници на учениците и родителите, претставници на училиштата, претставници на граѓански здруженија кои работат во областа на ученичкото учество во образовниот процес

Во процесот на собирање потребни материјали за дискусии потребно е да се разгледаат *компаративните искуства* понудени во Компаративната анализа на состојбата со учеството на децата и младите во образовниот процес – ЕУ, регионални и домашни практики од 2014 година. Анализата нуди како примери решенија за регулирање на ученичкото учество од регионот (Србија, Словенија) и ЕУ (Италија, Финска, Обединето Кралство). Дополнително е значајно да се земат во предвид постојните документи кои веќе се покажале како успешно применливи во пракса „Прирачник за Избор на Претседател на клас“ и „Прирачник за формирање и функционирање на ученички и младински организации во училиштата“.

Да се согледаат *искуства на ученичко учество* не само во непосредната училишна заедница туку и да се има предвид примери на ученичко здружување и учество во градењето на образовните политики и прашања кои се во нивен интерес ***на локално и национално ниво***.

Да се земе предвид особено Декларацијата за правата на средношколците усвоена во 2006 година во Охрид од генералното собрание на OBESSU.

**Поради тоа што оваа фаза е веќе реализирана, имплементирани се адекватно сите горенаведени чекори, се отвора простор за пристапување кон II фаза на подготовка на законските предлог измени.**

## II фаза на подготовка

Потребно е да се поставаат контури на *политика на ученичко учество* преку *институционализирање* на ученичкото учество што ќе се обезбеди пред се со *измени на законската регулатива*. Затоа, потребно е да се пристапи кон изменување на Законот за Средно образование со цел воведување на одредби со кои ќе се имплементираат членовите од Конвенцијата на правата на детето кои се однесуваат на ученичкото учество.

Измените на постојната регулатива треба да обезбедат одредби за **1) ученичко учество во образовниот процес** и 2) **ученичко здружување во образовниот процес.** Одредбите кои ќе се однесуваат на ученичкото учество во образовниот систем треба да се содржани во посебна *Глава Ученичко учество во образовниот процес и училишниот живот*. Како појдовна точка потребно е да се **дефинира поимот 'ученичко учество.' Како пример** може да се користи дефиницијата од Велшкиот модел на политика на ученичко учество како појдовна основа. Во дефиницијата се вели дека "*Учеството значи дека е мое право да се вклучам во донесувањето на одлуки, планирањето и ревидирањето на било кое дејство кое што може да влијае врз мене. Да се има глас, значи да се има избор,'.*[1] Во законот е потребно да се наведат и принципите, како на пример транспаретност, отчетност, демократизација, итн. кои треба да се имаат во предвид при регулирање на ученичкото учество (британско искуство).

Како прв чекор кој што треба да се обезбеди со законските измени е **ученичкото учество** на ниво на училишта како форма преку која учениците од средните училишта ќе ги задоволуваат своите потреби/интереси и ќе имаат улога во развојот на демократската структура на училиштата.

Британскиот модел на ученичко учество ги предвидува следните начини за вклучување на учениците:

- Како дел од наставата и учењето;
- Преку вклучување на учениците во училишното само - оценување и оценување;
- Механизми за испитување на мислењата на учениците, како што се прашалници, анкети, фокус групи и кутии за сугестии;
- Партиципативни и репрезентативни групи, како што се училишниот совет, еко-комисијата, здрави училишта и врсници ментори;
- Вклучување на ученикот во управниот орган, и во вработувањата на персоналот;

[1] Pupil Participation - Good Practice Guide стр. 8, Llywodraeth Cymru Welsh Government, <www.cymru.gov.uk>

- Вклучување на ученикот во планирањето, разгледувањето и спроведувањето на политиките и процедурите, вклучувајќи го тука и планот за развој на училиштето;
- Учество на ученикот во буџетирањето и во тоа како парите се доделуваат/ трошат;
- Постоење на модалитети согласно кои ќе се овозможи сите ученици да бидат вклучени во донесувањето на одлуки, вклучувајќи ги и оние кои се со посебни потреби за учење

Во законот потребно е да се дефинира **<u>опфатот на ученичкото учество во образовниот систем</u>** т.е. во кои се области учениците треба да имаат ‘право на глас’. Словенечкото искуство покажува дека учениците учествуваат активно при подготовката на образовниот план на училиштето, заедно со родителите. Словенечкиот закон го уредува и правото на здружување и модалитетите на функционирање на ученичката заедница. Финското искуство пак во **Актот за стручно образование и обука (630/1998)** брои 17 ситуации во кои образовните институции мораат да им дадат на учениците можност да учествуваат во развојот на образованието и да бидат консултирани пред да се донесат одлуки кои влијаат на нивното учење или нивната улога како ученици.[2]

При дефинирање на начините и областите во рамки на кои треба да се предвиди ученичкото учество во образовниот систем треба да се направи диференцијација согласно спецификите на возраста (словенечко и финско искуство). Поточно, предвидените начини на ученичко учество и модалитетите на ученичко здружување треба да бидат адекватни на возраста, во овој случај на средношколците. Понатаму, секако е значајно модалитетите на ученичко учество и здружување да бидат инклузивни и да ги вклучат сите групи на ученици, особено маргинализираните групи.

Во однос на **<u>ученичкото здружување</u>** Законот првично треба да обезбеди организирање на <u>учеството на ниво на клас</u>. *Прирачникот за избор на претседатели на клас* изработен од Коалицијата СЕГА детално упатува и развива модел за делувања на учениците во рамки на одделението/класната заедница и начинот на избирање <u>претседател на класот</u>. Понатаму, организацијата за ученичко учество на ниво на училиште треба да биде во форма на <u>училишна (ученичка) организација</u> која ќе има свои органи на делување. Предлог моделите и начините за организирање на учениците во училишна заедница се дадени во *Прирачникот за функционирање на училишната организација*. Училишните организации треба да имаат гарантирано претставничко учество во Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор и другите организирани форми на делување во рамки на ученичкиот живот. Правото на глас на учениците во рамки на овие организирани форми на делување треба да се дефинира во правилниците за делување на различните организациски облици.

Спроведените локални дискусии од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА, МОФ и Меѓаши резултираа со конкретни препораки од засегнатите страни во врска со структурата на ученичките организации на училишно ниво и нивниот опфат и поле на работа (I Пред-подготвителна фаза). Конкретните препораки кои се однесуваат на **<u>структурата на ученичките организации</u>** се следните:

1. Секоја средношколска заедница во Македонија треба да биде формирана на основа на демократски принципи и вредности, а на учениците да им се овозможи

[2] Закон за средно образование 629/1998, Child and Youth Participation in Finland, A Council of Europe Policy Review, 2011. pg. 55

простор за самостојно и независно спроведување на избори. Секоја заедница да содржи:

- Највисоко тело на одлучување – како што е Собранието (претседатели и заменици претседатели на класови од прва до четврта година);
- Извршен орган (претседател и замениkот претседател на средношколската заедница и четворица претседатели на класовите од прва до четврта година);
- Орган за поддршка со јасни надлежности (педагошко – психолошката служба, одговорни професори);
- Можност да се формираат останати променливи тела во зависност од потребите на училиштето (комисии, работни групи...)

2. Дефинирање на конкретен модел на ученичко организирање, со право за прилагодување на моделот според училишните специфики (пол, етникум, географска локација, економски, социјални и други карактеристики).
3. Дополнување на законот за средно образование со засебен член кој го гарантира училишното организирање, со што директно може да се влијае на промена на статутот на училиштето
4. Дефинирање на правила и критериуми за избор на функција дете правобранител (дете правобранител и два заменици) во рамките на училиштата. Јасно утврдување на оваа функција и формализирање на соработката помеѓу функцијата детски правобранител со училишните организации и наставничкиот совет.

Локалните дискусии доведоа до следните заклучоци – препораки во однос **на опфатот и полето на работа на училишните организации:**

1. Функционирањето на училишната организација е пропишано со статут кој предвидува изработка на годишна програма за работа од страна на училишната организација (програмата може да вклучи културно-уметнички активности, спортски активности, неформална едукација и др.)
2. Претставник на Училишната организација учествува во работата на Наставничкиот совет, Класниот совет, Советот на родители и Училишниот одбор во процесите на изработка и донесување на годишната програма на училиштето, оценување на квалитетот на образованието, условите за работа и донесување на акти и правилници во училиштето
3. Училишната организација учествува во редовно организирање на дебати/ дискусии и истражувања со вклучување на ученици, родители, наставен кадар и училишен менаџмент со цел утврдување на проблемите во училиштето и предлагање конкретни решенија
4. Училишната организација обезбедува целосно и транспарентно информирање за својата работата преку разни алатки (класен час, огласна табла, веб страна, социјални медиуми и др.)

Покрај во образовниот процес и ученичкиот живот потребно е да се прошири рамката на ученичко учество преку воведување на форми на организирање/делување на учениците на **локално, регионално и национално ниво**. Српското искуство укажува на тоа дека е формирана Унија на средношколците на Србија (УСС) во која се наоѓаат делегати на ученичките парламенти, кои пак постојат на ниво на основни и средни училишта. УСС се води како класична невладина организација т.е. спаѓа под законот на Здруженија. Унија на средношколците на Србија (УСС) ја усвои и донесе и првата национална Декларација на средношколците за квалитетот на образованието и активното учество. Во Декларацијата се изнесени "вредностите за кои се залагаат учениците во Србија, како и конкретни барања со чие исполнување би се обезбедиле

можности за квалитетно образование и активно учество во училиштата.”[3] Со своето активно делување, Унијата на средношколците на Србија (УСС) покажа дека добро организираните средношколци може да влијаат на коренити промени како што се промена на одредбите и воведување на ученичкото учество како дел од Законот за основите на системот на образование и воспитување, донесен во 2009 година.[4] Како резултат на имплементацијата на Законот, денес учениците во Србија имаат право да гласаат во Училишниот одбор, учествуваат во креирањето на развојни планови и евалуацијата на училиштата.[5]

Ученичкото здружување на општинско, регионално и национално ниво (општински, регионален и национален училишен совет, парламент) треба да се предвиди во постојниот закон за средно образование или во нов посебен закон кој ќе се однесува токму на областа. По примерот на унапредување на ученичкото организирање во средното образование може да се разгледаат и можностите за пресликување на добрите пракси во основното образование. Крајната цел е креирање и имплементација на политика на ученичко учество како во образовниот така и во општествениот живот. Секако, целиот овој процес ќе треба да вклучи и релевантни чинители од општините како и на национално ниво – Министерство за образование и наука. Предвидените мерки и активности кои би произлегле од законското регулирање на оваа материја би требало да бидат пропратени со соодветни буџетски проекции и планови со цел нивна реализација.

Локалните дискусии доведоа до следните препораки во однос на **ученичкото здружување и вмрежување на локално и национално ниво**

1. Потребно е вмрежување на средношколците на локално, регионално и национално ниво кое треба да биде функционално и да ги претставува и застапува интересите на средношколците.
2. Законски да се регулира формата, функцијата, одговорноста и улогата на средношколското здружување преку структури на локално, регионално и национално ниво. Средношколците се здружуваат:
    a. на локално и/или регионално ниво во зависност од карактеристиките на општината во локални ученички организации (ЛУО) и/или регионални ученички организации (РУО). Во овие структури членуваат претседателите на ученичките организации и нивните заменици. ЛУО / РУО ги застапува потребите и интересите на средношколците пред локалните институции и органи.
    b. на национално ниво во национална ученичка организација (НУО) која е составена од претседателите на ЛУО / РУО. Националната ученичка организација има за задача да се залага за потребите и интересите на средношколците пред националните институции и органи. НУО се регистрира како правно лице согласно законот за здруженијата и фондациите.
    c. сите претставници на ЛУО, РУО и НУО се избираат со мандат од 2 години без право на реизбор. Претседателите на овие структури се бираат посредно од членовите кои исто така имаат мандат од 2 години без право на реизбор.
3. НУО е релевантен партнер на Министерството за образование и наука при креирање на политики и донесување одлуки за средното образование. Претседателите на НУО, РУО и ЛУО учествуваат на состаноците/седниците на различните институции, органи, комисии и тела кога се дискутираат прашањата кои ги засегаат средношколците. Дополнително, претседателите на ЛУО

[3] Unija Srednoskolaca Srbije, <http://www.srednjoskolci.org.rs/>, пристапено во јуни 2014.
[4] Unija Srednoskolaca Srbije, <http://www.srednjoskolci.org.rs/>, пристапено во јуни 2014.
[5] Unija Srednoskolaca Srbije, <http://www.srednjoskolci.org.rs/>, пристапено во јуни 2014.

задолжително да учествуваат во локалните Совети на млади со цел да ги застапуваат интересите на средношколците на локално ниво. ЛУО, РУО и НУО можат да соработуваат и склучуваат партнерства со други здруженија на граѓани и организации за развој на активностите и капацитети на локално, регионално и национално ниво.

4. Да се обезбеди задолжителна финансиска поддршка за воспоставување и функционирање на НУО од Буџетот на Република Македонија и на ЛУО / РУО од Буџетите на Единиците на Локалната Самоуправа преку законски утврден процент.

Локалните дискусии понатаму произлегоа и со конкретни препораки за делот кој се однесува на **Поддршката и развојот на ученичките организации**

1. Ученичката заедница со поддршка на училиштето да информира и бара поддршка на своите активности. Менаџментот на училиштето, наставниот кадар, родители, невладини организации, други ученички организации, приватен сектор, медиумите и локалната самоуправа да даваат поддршка на средношколската заедница и да се заложат за промовирање на нејзините активности.
2. Училишниот менаџмент да ги промовира правата и обврските на учениците и да обезбеди услови за објавување и промоција на истите преку јавно достапни документи на огласната табла, веб страната и страните на социјалните мрежи на училиштето.
3. Да се овозможи на учениците да иницираат тело, признаено и во рамки на училиштето, со ко-менаџмент форма кое ќе го сочинуваат професори, стручни соработници и членови на училишната заедница. Ова тело треба да се обучи да помага во развојот, одржливоста и јакнењето на капацитетите на ученичката задница и да врши евалуација.
4. Да се обезбедат стабилни извори на финансирање на ученичките заедници. Годишната програма на ученичката заедница да биде интегрирана во годишната програма на училиштето и дел од училишниот буџет да биде наменет за училишната заедница. Да се овозможи на ученичката заедница да реализира самостојни активности (културно-забавни манифестации, базари, рециклирање, настани и други активности). Да се предвиди план за прибирање спонзорства и донации за училишните заедници.

**Потребата од законско регулирање на ученичкото учество во образовниот систем во Република Македонија е повеќе од очигледна. Европските искуства укажуваат на постоењето на различни практики на преточување на членовите на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето во домашното законодавство. Од аспект на Република Македонија, најрелевантни во однос на контекстот се чинат регионалните примери како Словенија и Србија иако западно европските примери од земјите како Велика Британија, Финска и Италија исто така служат како корисни примери за градењето на политика на ученичко учество и овозможување на децата и младите да имаат свој глас во рамки на образовниот систем кој се однесува на нив. Оттаму, потребно е да се пристапи кон подобрување на институционалните механизми и особено измени на законската регулатива за подобро регулирање на оваа материја. Процесот на подготовка на законската регулатива треба да биде инклузивен и сеопфатен, со цел да се чујат сите мислења и одберат најдобрите решенија за обезбедување ученичко учество во образовниот систем.**